USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

# ПЕТ КЛУЧНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДОБРОТО ВЛАДЕЕЊЕ



# ШТО Е ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ?

Сите дефиниции кои го дефинираат концептот добро владеење ја истакнуваат важноста една држава способно да работи (да ги извршува своите надлежности) во услови на владеење на правото. Според ова, широко прифатено толкување е дека доброто владеење се однесува на *систем на владеење што продуцира резултати* **кои ги задоволуваат потребите на општеството преку искористување на достапните ресурси на најдобар можен начин**.

- **Квалитетот на владеење може да го следиме кај различните нивоа на одлучување**, - на пр. на локално ниво, централно (извршно и законодавно) ниво, судство, компаративно помеѓу државите или пак на корпоративно ниво.
- При следење на доброто владеење, **важно да се земе во предвид улогата на другите чинители кои се вклучени во управувањето,** како на пример, деловниот сектор, медиумите, граѓанските организации и политичките партии.
- Проценката на нивото на владеење **се фокусира на два главни аспекти: (а) правната и политичката рамка што го дефинира опсегот на надлежностите и одговорноста на институциите и (б) воспоставените практики и тоа како се почитува правната рамка.**

Овој документ ги сумира принципите на добро владеење во пет точки, осврнувајќи се на повеќе ресурси.

## ЗОШТО Е ВАЖНО ДОБРОТО ВЛАДЕЕЊЕ?

- **Доброто владеење е неопходно за владеење на правото.** Кога властите се залагаат за транспарентно, одговорно и партиципативно владеење, се осигуруваат дека се воспоставени сите процеси и механизми неопходни за креирање и имплементација на ефективни политики и за ефикасно користење на буџетот. Тоа овозможува спроведување на законски и политички рамки кои пак на крајот овозможуваат континуирано подобрување на јавните услуги.
- **Доброто владеење обезбедува одржлив развој во областите (1) социјален и (2) економски развој и (3) развој на животната средина** ( од Целите за одржлив развој 2030) со планирање на политики според долгорочна визија за општеството, со цел да се намалат нерамнотежите во „односот општество-природа" што негативно влијаат врз економијата.
- **Доброто владеење е директно поврзано со поголема доверба на јавноста во институциите преку обезбедување интегритет и непристрасност при нивното работење.** Јавната доверба ја воспоставува легитимноста на институциите, додека силниот легитимитет е предуслов за властите да можат да преземат структурни и трансформациски реформи.



## ПЕТ КЛУЧНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДОБРОТО ВЛАДЕЕЊЕ



**1 ОТВОРЕНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ:** институциите кои се посветени на отвореност и транспарентност **проактивно** обезбедуваат слободен пристап до **информации и процеси** во рамките на нивниот опсег на работа. За оваа цел, **веб-страниците** на институциите се користат како главна алатка за обезбедување на поголема транспарентност на информациите и процесите кои се од интерес за јавноста, и поради ова многу е важно тие (а) да се **ажурираат навремено** и (б) информациите да се објавуваат на два начини: **во необработена верзија** како и **во** обработена верзија на **разбирлив** начин. Според овој принцип, институциите се охрабруваат да објавуваат владини податоци во **машински читлив формат,** кога тоа е можно, или во алтернативни отворени верзии. Транспарентните и отворените институции овозможуваат граѓаните да ги **следат процесите на носење одлуки** со тоа што добиваат пристап до сите верзии на политиките уште во фазата на нивна подготовка (или на документи кои се разгледуваат на седници на владата), извештаи за процесот на донесување одлуки и консултации кои водат до политиките кои се усвојуваат. Покрај тоа, овие институции обезбедуваат чести, навремени, добро структурирани **извештаи**, базирани на индикатори **за спроведување и примена на политиките.** Достапноста на информации за тоа како граѓаните можат да пристапат до одредени услуги, и за тоа како да испратат повратна информација или да поднесат поплаки за процесите и услугите е исто така од големо значење за транспарентноста. Од друга страна, транспарентноста не може да се постигне со воедначен пристап. Информациите и процесите треба да бидат **прилагодени во применлив формат** за различна публика - преведени на повеќе јазици што се зборуваат во земјата, да се прилагодат за лица со различна попреченост, како и да се **ажурираат редовно** во секоја од верзиите.




**2 ВКЛУЧУВАЊЕ И ИНТЕРАКЦИЈА:** преку овој принцип, институциите воведуваат механизми што ја **олеснуваат интеракцијата** и **испораката на услуги** на граѓаните. **Јавните консултации** се спроведуваат и **оналјн** и **офлајн**. Пристапот за консултации, како и споделувањето на информациите, се **прилагодени во согласност со целната група**. Многу е важно да се планира **доволно време** за да се рашири информацијата за повикот за учество во јавни консултации, како и да се даде доволно време на заинтересираните страни да ги доставаат своите повратни информации. Потоа, институциите треба редовно да ја известуваат јавноста за тоа како напредува процесот на креирање политики, како што е опишано во *принципот 1: Отвореност и транспарентност*. Во рамките на овој принцип, институциите користат различни алатки за интеракција со граѓаните како што се **социјалните медиуми**, и воведуваат **интерактивни алатки за комуникација** на нивните веб-страници. На овој начин, институциите ги дистрибуираат информациите во една **обработена форма** и ги **охрабруваат** граѓаните почесто да комуницираат со нив. Како електронската комуникација, така и обезбедувањето електронски услуги е дел од принципот на интеракција бидејќи ја забрзува нивната испорака на ефикасен и економичен начин. Со оглед на тоа што електронското владеење покажа дека го подобрува **граѓанското учество и ги намалува трошоците** (временски и материјално), владите работат интензивно на подобрување на нивното електронско присуство и интеракција со јавноста. Вклучувањето и интеракцијата со јавноста овозможува **одговорно одлучување** врз основа на добиени повратни информации од граѓаните како крајни корисници.

**3 ИНТЕГРИТЕТ И КОНТРОЛА НА КОРУПЦИЈАТА:** институциите кои ги почитуваат принципите на добро управување воспоставуваат силни механизми за одговорност во нивната структура. Тие исто така промовираат култура на интегритет за да се спречи судир на интереси и корупција. Ваквите институции регрутираат компетентни државни службеници преку системи засновани на заслуги и конкурентност за да обезбедат **професионализам и етичко однесување**. Етичкото однесување и интегритетот на државните службеници се дефинираат според институционалните политики како **планови за интегритет и кодекси на однесување**, а во исто време внимателно се почитува и правната рамка. При спроведувањето на законските одредби, овие институции обезбедуваат заштита за „свиркачи" за сите оние што упатуваат на неетичко однесување и злоупотреба на службената должност, **регистрираат и контролираат активности за лобирање**, **судир на интереси, употреба на државен имот и подароци** кај сите избрани и именувани функционери, како и на државни службеници. Еден од механизмите за надзор и контрола на корупцијата е **објавување на анкетни листови во машински читлив формат.**



**4 ИНКЛУЗИВНОСТ И ОРИЕНТИРАНОСТ КОН КОНСЕНЗУС:** институциите кои ги почитуваат принципите на добро владеење посветуваат значително внимание на посредување на интересите на сите заедници и имаат за цел да постигнат **широк консензус** во процесот на донесување одлуки. Овој принцип бара политиките да одразуваат длабоко разбирање на социјалниот контекст и да обрнат внимание на маргинализираните групи и малцинствата во општеството. Ова се постигнува преку инклузивни и партиципативни механизми кои ги вклучуваат граѓаните во процесите на донесување одлуки со адаптиран пристап за различни групи/заедници, како што е опишано во точка 2: *Вклучување и интеракција*. Исто така значајно е институциите да **собираат податоци** за тоа како примената на различните политики и процеси, влијаат на маргинализираните групи и малцинствата. Инклузивното владеење, исто така, подразбира и **правична распределба на богатството и просперитетот** кај населението, што е обезбедено преку усвојување на одговорни политики и мерки.



**5 НОСЕЊЕ НА ОДЛУКИ ЗАСНОВАНИ НА ПОДАТОЦИ:** овој принцип е од суштинско значење за доброто владеење. Ова подразбира собирање на податоци за сите тековни процеси во рамките на работата на институцијата, што пак бара **соодветно планирање на индикаторите** за кои ќе се репортира. Заложбата одлучувањето да се заснова на т.н. рамки на ефективен **мониторинг, оценување и учење** ( Monitoring Evaluation Learning - MEL) бара собирање на податоци за ефективноста на политиките, нивниот степен на спроведување и нивното влијание. За возврат, ова им овозможува на институциите да генерираат **поучни и корисни извештаи** за напредокот во реализацијата на започнатите процеси и да известуваат за својата работа и за претстојните чекори на еден пореален начин. Овозможувајќи им на институциите да креираат ефективни политики, носењето на одлуки засновани на податоци ја намалува потребата премногу често да се **менуваат законите** и спречува намалување на довербата на јавноста во капацитетите на системот за изнаоѓање соодветни решенија. Покрај тоа, работењето со податоци им овозможува на институциите да **интегрираат и да споредуваат информации** од различни области во нивното работење и значително да ги подобрат резултатите од донесените одлуки. Исто така, им овозможува на институциите да спроведат квалитетна проценка на влијанието на **регулативата и буџетот** пред да предложат предлог-закони. Ефективната примена на рамките за мониторинг, евалуација и учење во владеењето укажува дека доброто владеење е вграден принцип на управување во една институција и ја обезбедува нејзината **одржливост** на долг рок.



Оваа публикација е подготвена од Фондација Метаморфозис во рамки на Проектот за граѓанско учество со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во оваа публикација не ги изразува ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.